РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-1260/1
25-02-2022

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62-та седница одржана на ден 15.02.2022 година донесе

Одлука

Постапката по предметот број 09-5605/1 од 11.12.2019 година, оформен по доставена пријава против лицето ------ --------, предложен кандидат за избор на асистент за наставно научните области - ------ ------- и ----- и ------ -- --, **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, не се потврдени наводите од пријавата, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет 09-5605/1 од 11.12.2019 година, оформен по пријава од познат подносител со наводи за постоење сомнение за судир на интереси, затоа што на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" во Скопје врз основа на распишан конкурс за избор на асистент за наставно научните области - - ------ ------- и ----- и ------ -- --, Рецензентската комисија донела одлука и предложила Научниот совет на Институтот да ја избере за асистент за горенаведената област кандидатката ----- ------, која веќе имала засновано работен однос како асистент на --------- факултет во --------.

Во пријавата, подносителот кој е еден од кандидатите кои не биле избрани на конкурсот, посочува на конфликт на интереси на членовите на рецензентската комисија и тоа:
Проф др. ------ ------ кој бил во блиски пријателски односи со таткото на предложениот кандидат м-р ------ ------;
Проф. д-р.------ ------, ментор на докторската теза на предложениот кандидат и визитинг професор на додипломски и постдипломски студии на -------- факултет во ------, за време кога таткото на кандидатката бил декан на истоимениот факултет и вонр. Проф. д-р ------- ------, вработена во времето кога декан на факултетот бил таткото на предложениот кандидат.

Исто така, во пријавата е наведено дека останува непознато зошто токму овие професори ја сочинуваат комисијата, кога нивната академска област не се поистоветува со Право на ЕУ и човекови права.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на наводите во пријавата, Државната комисија констатира дека делот кој се однесува за можен судир на интереси не се потврдува, затоа што описот кој што е даден за видот на односите меѓу членовите на рецензентската комисија и предложениот кандидат, не ја опфаќаат дефиницијата за блиски лица од член 8 став 4 од ЗСКСИ *„Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес".*

Во однос на другите наводи за составот на комисијата, Државната комисија се обрати до Државниот просветен инспекторат и од таму како надлежна институција побара да се изврши вонреден инспекциски надзор во врска со постапката за избор на членови на Рецензентската комисија која ги разгледувала документите на кандидатите пријавени на распишаниот конкурс за избор на асистент во наставно научните области - ------ ------- и ----- и ------ -- -- при Институтот за ------ - ----- ---- ------ при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" во Скопје.

Во законски предвидениот рок, Државниот просветен инспекторат ја извести Државната комисија дека Инспекторатот има сочинето Записник Уп1бр. 09-2939 од 25.12.2019 година, во кој има констатирано дека нема пропусти во однос на постапката за избор на еден асистент на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" во Скопје за наставно научните области - - ------ ------- и ----- и ------ -- --. Известување во врка со констатираната состојба за конкретниот предмет е доставено и до Народниот правобранител на РСМ, кој е запознат со предметот од страна на подносителот на пријавата.

Оттука произлегува дека, наводите во пријавата не се потврдуваат, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р В.Г, член на ДКСК